## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА” ОД Д-Р ДАНИЕЛА КОЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2102-313/20 од 64. редовна седница на Наставно -научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 5 ноември 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Владо Петровски, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис (практикум) со наслов „**СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА**” **од авторката д-р Даниела Коцева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки и на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало – практикум „Социологија на религијата“ од д-р Даниела Коцева претставува една заокружена целина, конципирана и пишувана според наставните програми по предметите: Религиски системи, Верските заедници во Република Македонија, Историја на религии, Религиите во Македонија, кои ги изучуваат студентите на прв циклус студии како изборни предмети, на насоките: Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Историја со археологија, Класично сликарство, Педагогија. Предметите се изборни и се изучуваат во VI и VII - семестар за студентите од предучилишно воспитување и одделенска настава Религиски системи 1+1+1, I и II – семестар за студентите по Историја со археологија (наставна насока) и Историја, Верските заедници во Република Македонија 2+1+1, за студентите од Педагогија VII – семестар, Религиите во Македонија 2+2+1, студентите на Класично сликарство VII семестар, Историја на религии 2+1+1. Приложениот ракопис претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, со што целосно ќе се реализираат барањата на студиските програми.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот се состои од 8 вежби, при што секоја вежба се состои од повеќе задачи и проектни активности со конкретни чекори за работа. Истите се распоредени на 50 страници. Трудот е пишуван во А4 формат, единичен проред, а употребен е Arial фонт, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало за вежби по веќе наведените предмети каде што преку теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите врз основа на стекнатите знаења развивање на вештини и способности за истражување и разбирање на потеклото и развојот на идеите и основните поими кои се во основата на социологијата на религијата, за да понуди слика за тоа во која насока темата оди денес – посебно на оние кои се занимаваат со изучувањето на двата феномена: општество и религија. Користењето на

различните методи, техники и показатели овозможува да се направи увид во тоа како овие поими треба да се истражуваат и каква е нивната улога во современиот живот на човекот. Цениме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:**

Вежбите се дефинирани со цел полесно да се усвои, разбере и примени усвоената содржина во анализа на реални општествени ситуации за проблематики поврзани со религијата и религиозноста во светот и кај нас. За да одговорат на соодветните задачи во практикумот студентите треба да имаат стекнато знаење, преку разработка на содржините опфатен во скриптата „Социологија на религијата". Вежбите во практикумот се продолжение на скриптата, бидејќи вклучуваат многубројни примери кои имаат за цел да ја приближат содржината до студентите. Секоја вежба се состои од задачи кои треба да се аргументираат од страна на студентите, со цел оформување на личен став во однос на актуелните случувања со религијата и општеството. Исто така, се посочени и прашања кои треба да бидат дискутирани, дебатирани и анализирани за време на вежбите, каде што студентите треба да земат активно учество.

Прашањата кои се посочени за разработка во вежба 1 се насочени кон совладување на општата определба на религијата, преку самостојно истражување и проектни активности, студентите самостојно истражуваат, анализираат и систематизираат знаења преку решавање на 23 задачи и 2 проектни активности.

Преку вежба 2 се овозможува разработка на содржините поврзани со социологијата на религијата како социолошка дисциплина. Оваа вежба се состои од 9 задачи на кои студентите треба да одговорат во согласност со усвоениот материјал од скриптата.

Во вежба 3 се става акцент на најважните аспекти и поими поврзани со социолошкото истражување на религијата. Оваа вежба претставува методолошка и практична активност која се реализира низ 11 задачи, проектна активност и 5 практични чекори. Во оваа вежба е планирана посета на верски објекти, претставници, организации и реализирање на мал истражувачки проект.

Вежбата 4 се состои од две задачи кои последователно се насочени кон разработка на материјата поврзана со различните социолози и социолошки теории.

Вежбата 5 ги дефинира современите поими секуларизација и десекуларизација, како и причините кои довеле за секуларизацијата и сакрализацијата во современиот свет. Во оваа вежба низ 5 задачи студентите се наведуваат на критичко размислување и согледување на состојбите во новиот свет.

Вежбата 6 - *Современа религиозност* е цел на разработување на темите и прашањата дадени во 9 задачи и една проектна активност преку кои студентите ќе оформат свое критичко гледиште за верските конфликти, фундаментализам и тероризам.

Вежбата 7 претставува продолжување на вежбата 6, каде што студентите во еден континуитет одговараат на 4 задачи поврзани со актуелната врска помеѓу политиката и религијата. Посебна улога имаат задачите во кои се опфатени дискусии, дебати и web истражувања на студии на случаи за односот религија, политика, насилство.

Вежбата 8 е формулирана на начин на којшто студентите ќе можат да го анализираат влијанието на глобализацијата врз религијата во 7 задачи преку кои самостојно ќе го увидат влијанието и односот на глобализацијата и религијата.

На крајот практикумот завршува со прашања за самопроверка на студентите преку кој тие ќе го утврдат досега стекнатото знаење,

Сите вежби опфатени во овој ракопис ја заокружуваат предвидената Наставна програма по предметите Религиски системи, Верските заедници во Република Македонија, Религиите во Македонија, Историја на религии, преку што се согледува соодветната употребата на овој ракопис како учебно помагало по веќе наведените предмети.

## З А К Л У Ч О К

Учебното помагало „ПРАКТИКУМ СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА“ од д-р Даниела Коцева претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со анализа на религијата и општеството. Авторот направил успешна комбинација на теоријата и практичното истражување на религијата, кој допрва произлегува како предизвик пред современото општество, со цел да ја доближи предметната содржина до студентите и да им помогне да научат како да применуваат анализа на актуелни и мултидимензионални општествени феномени, како што е религијата.

Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

На останатите заинтересирани лица, во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на новите принципи, методи и техники за работа.

Цениме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебното помагало (практикум) со наслов „Социологија на религијата” од д-р Даниела Коцева да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Петровски, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Мирасчиева, с.р.**